Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневните настани 09.09.2024

Денеска (09.09.2024) во Скопје од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје од слобода е лишен С.Б. (30) од Скопје, кој бил баран по централна потерница да МВР, а по наредба од КПУ Идризово поради бегство од затворот. С.Б. е осуден на казна затвор од седум години и шест месеци поради сторено кривично дело по член 215 ст. 1 од КЗ, а за дојдождување има четири години, три месеци и 12 дена. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено поправна установа.

Денеска (09.09.2024) во 00.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Л.(24) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 23.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода Л.В.(20) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.09.2024) во 01.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Л.(29) од с.Вчебегово, скопско, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.09.2024) во 04.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Н.(19) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (09.09.2024) во 01.10 часот во Скопје, на подрачјето на Горче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Љ.(38) од с.Гречец, скопско, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 22.30 часот во с. Сарај, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(18) од с.Крушопек, скопско, поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени пиштол „зорки", една рамка со три куршуми и нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 13.30 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода У.К.(21), Б.Ц.(21) и Ј.У.(30) сите од Р.Турција, а со престој во Скопје, поради тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 13.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.А.(19) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 12.10 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(20) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 21.50 часот во Скопје, на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Д.(19) од с.Морани, скопско, поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени пиштол „зорки", една рамка и 61 куршум. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 13.00 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром-Скопје, на излез од држава, полициски службеници го привеле С.С.(41) од Р.Турција поради тоа што при извршена контрола констатирано било дека го пречекорил дозволениот престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал, миграции, странци и readmisija Скопје за понатамошна постапка.

На 08.09.2024 во 20.45 часот во ОВР Неготино било приајавено дека на крстосницата од улиците „Индустриска" и „Маршал Тито" во Неготино, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ласа" со винчиски регистарски ознаки, управувано од Ф.А.(29) од Виница и мотоцикл „сузуки" со кавадречки регистарски ознаки, управуван од А.К.(54) од Кавадарци. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатирани во болницата во Кавадарци. Увид извршила увидна екипа од ОВР Неготино.

На 08.09.2024 во 08.00 часот во СВР Скопје било приајавено дека на бул.„Александар Македонски" во Скопје Н.Е. (29) од Скопје управувајќи мопед „томос" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.09.2024 во 16.32 часот во СВР Битола било приајавено дека на патот А-3 Битола-Ресен се случила сообраќајна несреќа, во која Д.С.. (40) од Куманово управувајќи мотоцикл „кавасаки" со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Од страна на доктор од Итна медицинска помош Битола кој возачот е констатирана смрт на местото на настанот. Увидот го извршила увидната екипа на СВР Битола, во присуство на јавен обвинител.

Денеска (09.09.2024) во 00.40 часот во Полициската станица Аеродром С.Ш.(57) од Скопје приајавил дека на кој на река Вардар неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 08.09.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Бит Пазар Т.К.(30) од Скопје приајавил дека на ул.„Џон Кенеди" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 08.09.2024 во 12.40 часот во Полициската станица Аеродром В.Д.(59) од Скопје приајавила дека на бул.„Србија" во Скопје била касната од куче скитник.

На 08.09.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош С.Н.(41) од Скопје приајавила дека на ул.„Шекспирова" во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид во ОЈО Кичево поднесе кривична пријава против девет лица по член 235 став 3 од Кривичниот законик поради основано сомнение за сторено кривично дело „кражба", а против две од овие лица е поднесена и кривична пријава по чл.382 „спречување службено лице во вршење на службено дејствие". Сите девет лица се лишени од слобода и со кривичната пријава се предадени во ОЈО Кичево за понатамошна постапка.Имено, вчера (08.09.2024), во координирана акција на Одделот за криминалистичка полиција, СВР Охрид и Одделот за специјални полициски операции-Единица за брзо распоредување, на територија на општина Кичево во место викано „Кутуров дол" затекнати се лица во незаконска сеча и дотур на дрва за огрев во шумски предел, и покрај активната забрана за движење во шума. Лицата биле без соодветни дозволи и документација за сеча, дотур и превоз на огревни дрва. Од лицата се одземени мобилните телефони и предмети за кои се претпоставува дека ги користеле за извршување на кривичното дело, како и товарно моторно возило „ман" и џип „опел фронтера", двете со кичевски регистарски ознаки. Исто така, во месноста викана „Мала река" лишени од слобода се три лица и одземени се два трактора со приколки и едно возило „цитроен џампер", како и моторна пила и повеќе канистри за бензин.

Во текот на вчерашниот ден и денеска (08/09.09.2024) полициски службеници од СВР Скопје преземаа засилени мерки и активности за безбеден град Скопје, при што беа легитимирани 87 лица, а прегледа бил извршен на 37 моторни возила. Лишени од слобода биле пет лица по член 215 од Кривичниот законик и три лица поради недозволено поседување на оружје. Исто така, лишени од слобода биле две лица по член 396 од Кривичниот законик и едно лице по член 235 и 378. Едно лице било приведено за дојдождување на казна затвор. Засиленото полициско присуство за безбеден град Скопје продолжува и во наредните денови.

На 08.09.2024 во 15.29 часот во СВР Куманово, Т.Г. приајавил декаред маркет во с.Доброшане, кумановско, бил физички нападнат од М.П.(37), давајќа од с.Доброшане, кумановско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 12.30 часот во СВР Куманово, жена од Куманово приајавила дека околу 09.00 часот во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот син И.А.(48). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 22.00 часот по приајава од концесионер на ловиште за можно вршење на кривично дело „незаконит лов" во атар на Маала Пасјак-село Нов Истевник, делчевско, од страна на полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Делчево, било излезено на местото на настанот при кој водењето до патот кој води кон Маала Пасјак, биле затекнат А.Ѓ. концесионер на ловиште, како и Д.Ѓ.(41), В.Б.(62) и А.А.(52). По извршен разговор било утврдено дека Д.Ѓ. носел пушка, а, според неговиот исказ, со намера да си го заштити насадот со пченка кој се наоѓал во близина на Маала Пасјак, на кој дивите свињи му правеле штета. По насока на јавен обвинител, ловната пушка е одземена и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2024 во 17.15 часот во СВР Штип, Т.Ѓ.(20) приајавил дека околу 17 часот во Штип бил физички нападнат од Н.Д.(30), давајќа од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.09.2024) во 04.00 часот во СВР Штип, С.А.(35) приајавил дека околу 01.00 часот во Штип бил физички нападнат од Т.Ѓ.(20) и Љ.Б.(47), сите од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2024 во 17.00 часот во СВР Штип 21-годишна штипјанка приајавила дека околу 02 часот Б.Т.(28) од Штип во неговиот дом во Штип ја нападнал со остар предмет и се обидел да извриши обљуба. Според приајавителката, таа дошла во домот на Б.Т. по претходен договор со намера да разговараат околу раскинувањето на нивната долгогодишна врска, но настанала расправија по што Б.Т. ја нападнал со остар предмет и се обидел да извриши обљуба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје М.С.(33) од Скопје приајавил дека на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Т.Ш.(45) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје И.К.(42) од с.Булачани, скопско, приајавил дека околу 20.40 часот во селото бил физички нападнат од Д.М.(44) од Скопје и Б.С.(43) од с.Булачани. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 14.25 часот во СВР Скопје С.С.(54) од Скопје приајавила дека во угостителски објект на подрачјето на Центар, Р.М. и одјел ташничка со пари, лични документи и други лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје М.И.(28) од Скопје приајавил дека околу 17.40 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил физички нападнат од А.М.(56) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Гази Баба С.И.(77) од Скопје приајавил дека до домот се одалечила неговата керка А.С.(47), која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.09.2024 во 21.15 часот во СВР Скопје 27-годишна жена приајавила дека околу 17.30 часот во домот на подрачјето на Драчево била физички нападнатата од нејзиниот сопруг Р.Ч.(25) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.09.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, Х.А.(23) од Скопје приајавил дека истиот ден околу 14.00 часот во селото Долно Количани-скопско додека се движел со своето возило „фолксваген шаран" заедно со неговиот роднина О.Ј., бил запрен од неколку лица, при што од едно лице на моторџиот во воздух биле испукани неколку куршуми од огнено оружје. Потоа приајавителот се упатил кон селото Горно Количани, каде што, според приајавното, повторно бил запрен од лицата, при што еден од нив со пиштол почнал да му упатува закани. Исто така, на 08.09.2024 во 20.30 часот Е.Б.(19) од село Долно Количани приајавил во СВР Скопје дека истиот ден околу 13.40 во Долно Количани, додека имало веселба среде селото, бил навредуван заради паркинг место од Б.Ј., кој потоа со патничко возило „ауди" што го управувал удрил во друго паркирано возило. Според приајавителот, по кратко време, во чајулиницата каде што тој се наоѓал, дошол О.Ј. со друго лице кое се претставило како полициски службеник Х.А. и го прашале приајавителот да објасни што се случило, и кога Е.Б. почнал да објаснува, Б.Ј. од пиштол испукал неколку куршуми во воздух. Потоа, според приајавното, О.Ј. му го одзел пиштолот на Б.Ј. и давајќа се даде во бегство. О.Ј. и Б.Ј. се приведени и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2024 во 21.10 часот во СВР Скопје, М.Л. од Скопје приајавил дека В.А. и Д.С. го внеле во возило и физички го нападнале, а употребиле и тврди предмети, а потоа го возеле во возилото и го оставиле на подрачјето на Карпош. Според приајавното, причина за нападот биле нерасчистени должничко-доверителски односи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (09.09.2024) во СВР Скопје, С.Р.(46) од село Бардовци, скопско, приајавил дека околу 04.00 часот настанал пожар на неговото патничко возило „ауди а4" со скопски регистарски таблички. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита-Скопје. Повредени лица нема. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.09.2024 во 14.10 часот полициски службеници од ПО Грутчин во атар на тетовска Горна Лешница, поради основано сомнение за сторен царински прекршок, додека патничко возило „рени ровер", без регистерски таблици, управувано од Е.Р.(64) од с.Палатица, кој не поседувал никакви документи за возилото и патничко возило „шевролет спарк" без регистерски таблици, управувано од А.А. (29) од Дебреште, кој исто така не поседувал никакви документи за возилото. По документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет